# ИДНИНАТА СЕГА!




# ВРЕМЕ Е!

СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА

СЕКОЈ ИМА ПРАВО НА ПОДОБРО УТРЕ.
СЕКОЈ ОД НАС ОДЛУЧУВА ВО КАКВА ДРЖАВА ЌЕ ЖИВЕЕ.
ВРЕМЕ Е ДА ГО НАПРАВИМЕ ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР.

ИДНИНАТА СЕГА!

# ИЗБОРНА ПРОГРАМА

**ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА**

**УРБАНИЗАМ, УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**ОБРАЗОВАНИЕ**

**КУЛТУРА**

**СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА, БЕЗБЕДНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ**

**СПОРТ**

**РАЗВОЈ**

# ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

## 1.Електронски документи

Ослободување од трошоци за поднесоци за граѓаните кои електронски ќе поднесуваат барања

- Ќе се направи системско решение кое ќе овозможи комплетна електронска изработка на предметите до финален производ во форма на електронски документ. Самата апликација предвидува интеграција на повеќе сегменти во една целина која што ќе дозволи севкупно следење на постапката со предметите. Одделните сегменти што ќе треба да се надградат и надоврзат се:

- Дигитална архива – влезот на документите започнува со дигитализација и создавање на електронски запис што потоа електронски се распределува до соодветната локација - службеник и електронски се обработува. Дигиталната архива ќе се надгради и автоматски ќе врши електронска дистрибуција до секој сектор и секој вработен, соодветно на барањето, без разлика каде локациски се наоѓа службеникот.

- Документот потоа продолжува да се обработува со ДМС (документ менаџмент систем) што го стартувавме во 2007 година како револуционерен начин на работа на општинската администрација, а кој подразбира електронско процесуирање на постапките во надлежност на локалната самоуправа. Апликацијата првенствено се постави во секторот за урбанизам. Следниот чекор што ќе го направиме е целосна покриеност на работата на сите сектори.

- На крај, електронски изработениот документ се верификува со електронски потпис од страна на овластеното лице и електронски се доставува до барателот и претставува валиден документ за сите институции.

Рок на реализација: септември 2013

## 2. Андроид ГИС апликација за користење на општински услуги

- Се дава можност за користење на Андроид уреди што им овозможува на корисниците он-лајн пристап до ГИС-от. Со овие апликации за паметни телефони се проширува аудиториумот што го користи ГИС-от.
Поддршката за мобилниот ГИС подразбира брз пристап до ажурирани податоци, информации во реално време без оглед на локацијата на клиентите, голем број мапирачки апликации како и помош за добивање на повеќе информации на терен.
Апликацијата за паметни телефони и таблети ќе овозможи:
- Пронаоѓање и споделување на урбанистички планови, катастарски подлоги, други он-лајн мапи;
- Користење на алатки за пребарување, идентификација, мерење и поставување прашања;
- Собирање и пребарување на ГИС објекти и атрибути;
- Претставување на ГИС анализи со помош на геопроцесирање;
- Промена на видливоста и транспарентноста на слоевите;
- Користење и преглед на различни основни мапи;
- Користење на обележувачи за брз пристап до објектите од интерес;
- Едноставно мерење на области и растојанија.

Придобивките од користење на мобилните ГИС апликации се:
- Подобрување на ефикасноста и точноста на операциите на терен;
- Брзо собирање и лесна интеграција на податоци;
- Замена на хартијата како основна работно средство;
- Овозможување навремени и точни одлуки.

Рок на реализација: февруари 2014

## 3. Надградба на ГИС апликацијата

- Во 2005 година стартувавме со ГИС системот (географски информациски систем) и бевме прва општина што јавно ги објави сите донесени урбанистички планови со сите информации. Ќе ја надградиме оваа апликација и ќе направиме системско решение во кое ќе ги ставиме сите подлоги со просторни податоци, деталните урбанистички планови, катастарските планови, подземната комуналната инфраструктура. Со тоа ќе создадеме јасна слика со комплетни информации поврзани со одредена локација, како и со можностите за приклучок на комуналните инфраструктурни мрежи.

Рок на реализација: 2014

## 4. ГИС кол-систем

- Овој систем подразбира употреба на посебни GPS-уреди што би ги носеле вработените кои се постојано на терен на територијата на општината. Предвидено е тие да даваат различни информации за конкретни локации, односно за локација врзана со просторни координати, со што би можеле да алармираат за секакви типови проблеми што се забележани на теренот. Во главната административна зграда на електронска мапа веднаш ќе се забележи локацијата со запис од информацијата која е внесена од страна на службеникот на терен и за тоа би имало соодветна брза реакција.

Рок на реализација: февруари 2014

## 5. Воведување на ИСО 27001

Рок на реализација: 2014

### 6. Воведување на CAF

- Со воведување на оваа заедничка рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF) како стандард за квалитет во работењето во РМ, таа ќе се приклучи кон европски проверената практика за воспоставување принципи за совршеност во работењето на јавната администрација со граѓаните.
Со воведување на систем за управување заснован на компетенции во администрацијата ќе придонесеме за развиена, високопрофесионална и одговорна администрација со подобри деловни резултати и подобри услуги кон граѓаните.
ЦАФ е алатка за целосно управување со квалитет развиена од јавниот сектор и инспирирана од Моделот на совршеност на Европската фондација за управување со квалитетот. Таа се заснова на претпоставката дека одличните резултати во организациското работење со граѓаните, т.е. клиентите и општеството се постигнуваат преку раководење кое нуди стратегија и планирање и води луѓе, партнерства, ресурси и процеси.

Рок на реализација: 2015

### 7. Е-совет

- Оваа апликација, всушност, претставува интегриран систем за водење електронски седници, база на потребни материјали, електронски записници, електронско гласање. Системот ќе ги интегрира сите компоненти од подготовките, водењето, следењето на седниците, записи од седниците и слично. Во себе ќе содржи портал во кој ќе може да се пребарува по содржини, теми и точки што се обработени, достапни до јавноста, а секако, ќе има и дел во кој, со посебен пристап, секој советник ќе може да ги следи и презема материјалите за седницата.

Рок на реализација: септември 2013

### 8. Интегрален систем за менаџирање на сите комуникации (атм кол софтвер)

- Овој систем ќе ги вклучи сите телефонски разговори, смс-пораки, електронската пошта, како и другите начини на известување. За да се изврши навремено, точно и квалитетно една постапка сопретходно дефиниран тек, овој систем ќе најавува и потсетува за следниот чекор што треба да се направи и тоа истовремено кај одговорниот за постапката, кај претпоставениот и кај клиентот, односно граѓанинот.

Рок на реализација: февруари 2014

### 9. Бесплатни ИТ обуки за граѓаните според потребите на различни заинтересирани групи

- Ќе се направат анализи за потребите на граѓаните за различни информатички обуки. Според тоа ќе се оформат групи и за секоја од нив ќе се спроведе прилагодена обука, со што на секој заинтересиран граѓанин ќе му се овозможи да си ги зголеми личните компетенции според сопствените афинитети.

Рок на реализација: континуирано од септември 2013

### 10. Интерактивни интернет-конзоли на јавни места

- Интерактивни пунктови преку кои граѓаните ќе можат да добијат различни информации поврзани со општината (како на пример, насочување до одредена дестинација), бидејќи ќе содржат адресар на правните и физичките лица на територијата на општината, податоци од ГИС-порталот, телефонски именик, бесплатен интернет, настани од областа на културата и забавата итн.

Рок на реализација: февруари 2014

## УРБАНИЗАМ, УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### 11. Електронско издавање градежни дозволи

- Овој проект претставува уште една надградба на ДМС системот чија реализација е започната во 2007 г. Со мала програмска интервенција на постоечката апликација ќе се овозможи издавање на овие електронски документи.

Рок на реализација: јуни 2013

### 12. Имотен лист - веднаш!

- Заради олеснување и забрзување на постапките за вадење имотни листови од Агенцијата за катастар на недвижности, општината ќе ја преземе обврската да го врши тој сервис во име и за потребите на своите граѓани.

Рок на реализација: континуирано од март 2014

## 13. Извод од детален урбанистички план - веднаш!

- Со овој проект, граѓаните истиот ден, т.е. на денот на поднесување на барањето, ќе можат да го добијат бараниот документ - извод од урбанистички план.

Рок на реализација: континуирано од септември 2013

## 14. Достава на документи дома

- Сите изготвени документи ќе бидат доставувани до куќна врата на граѓаните во Карпош.

Рок на реализација: континуирано од мај 2013

## 15. Целосно партерно и хортикултурно уредување на јавните површини во Тафталиџе - локалитет Пазарче, со изградба на јавен паркинг

- Ќе се изврши целосна реконструкција на постојното партерно уредување, кое во моментот е во лоша состојба, ќе се употреби современа урбана опрема и целосно ново хортикултурно решение. Освен ова, ќе се изгради и нов паркинг-простор долж улицата Московска кој значително ќе го олесни проблемот со паркирање во овој дел на општината.

Рок на реализација: 2014

## 16. Хортикултурно уредување на сите јавни зелени површини

- Целта на овој голем зафат е комплетна рехабилитација на сите постоечки и планирани, а нереализирани зелени површини, со решено самостојно наводнување со техничка вода.

Рок на реализација: континуирано

## 17. Партерерно и хортикултурно уредување околу постојните колективни станбени згради

- Ова, претежно, се однесува на просторите околу постарите згради за колективно домување во кои ќе се изврши целосно ново партерно и хортикултурно уредување, при што ќе се реши и начинот на наводнување.

Рок на реализација: континуирано

## 18. Изградба на кинолошки парк во рамките на градскиот парк

- Се поизразената потреба за утврдување локација за прошетка на домашните миленичиња, во согласност со законската регулатива, ќе се регулира со овој планиран и наменски уреден простор во рамки на градскиот парк. Локацијата на овој проект е веќе урбанистички дефинирана.

Рок на реализација: 2014

## 19. Подобрување на енергетската ефикасност на станбените згради

- Ова е проект кој општината континуирано го реализира во изминатите 5 години. Поради постигнатите резултати и поради се поголемиот интерес за учество на граѓаните, општината ќе продолжи да го спроведува до целосна реобнова на сите постари објекти во општината, со што ќе се направи целосна измена на визуелната перцепција на урбаното ткиво.

Рок на реализација: континуирано

## 20. Субвенции на инвеститорите при користење на обновливи извори на енергија

- Целта е да се подигне свеста на граѓаните за користење алтернативни извори на енергија, за што предвидуваме мерки за стимулација преку делумно ослободување од надоместоци во надлежност на општината.

Рок на реализација: континуирано

## 21. Изградба на плоштад на кејот на Вардар

- Заради збогатување на просторот и содавање услови за социјализација и културни случувања, а поради зголемената фреквенција на граѓани на кејот на реката Вардар, ќе изградиме нов урбан, уреден простор со плоштад, што ќе понуди атрактивни содржини на граѓаните.

Рок на реализација: 2015

## 22. Изградба на црква во Карпош 4

Рок на реализација: 2016

## 23. Изградба на зелен пазар во Бардовци

- Зелениот пазар се предвидува на аголот помеѓу улицата Скупи и патот што води кон с. Бардовци. Ќе се уреди просторот што ќе го користат производителите на земјоделски производи. Со тоа, општината директно ќе ги поддржи земјоделците, односно без надомест ќе им овозможи уреден простор и соодветни услови за пласман на нивните производи.

Рок на реализација: септември 2013

## 24. Целосно партерно и хортикултурно уредување на левата страна од кејот на реката Вардар

- Уредувањето на левиот брег на реката Вардар со целосно хортикултурно оплеменување, како и целосно опремување со нова и соодветна урбана опрема, ќе го направи левиот брег функционален и достапен за граѓаните.

Рок на реализација: 2015-2016

## 25. Усогласување на сите донесени ДУП-ови со новиот ГУП

- Сите детални урбанистички планови ќе бидат комплетно усогласени со новиот Генерален урбанистички план, со што ќе се оствари можност за дополнителни инвестиции во сферата на градежништвото.

Рок на реализација: континуирано

## 26. Проект за зачувување на јавните површини од хиперурбанизацијата

- Прекумерната урбанизација, што претставува реална закана за хуманото и квалитетно живеење на жителите во градските центри, ќе ја превенираме со проект за зачувување на јавните површини од хиперурбанизација. Овој проект во себе ќе содржи програми што ќе предвидат содржини на јавните површини со кои тие ќе се трансформираат во мали урбани оази во кои граѓаните од сите возрасти ќе добијат места за поголема меѓусебна социјализација.

Рок на реализација: континуирано

## 27. Проект - урбана шума

- На сите девастирани површини на територијата на општината, како и во градскиот парк, ќе се подигнат дрвни насади со повеќе видови дрјва, со што ќе се збогати просторот со вегетација и ќе се влијае на подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух.

Рок на реализација: континуирано

## 28. Проект - зачувување на духот на маалските центри

- Заради зачувување на урбаниот диверзитет на секоја урбана заедница во Општината, а во функција на зачувување на таканаречениот маалски дух, во соработка со факултетите за архитектура во Скопје, како и НВО-секторот, ќе се заштитуваат и реконструираат карактеристичните урбани елементи.

Рок на реализација: континуирано од септември 2013

## 29. Изработка на проект за стандардизиран типски времен објект за територијата на Карпош

- Заради елиминирање на шаренилото на изгледот на времените објекти, кои најчесто се во целосен несклад со околината, ќе се изработи проект за типизиран облик на времените објекти што до реализацијата на деталните урбанистички планови нема да го нагрдуваат просторот, туку напротив ќе дадат атрактивен акцент на околниот амбиент.

Рок на реализација: септември 2013

## 30. Програма за поставување на времени објекти и урбана опрема

- Со изготвување на програма за поставување на времени објекти и урбана опрема на просторите на кои од различни причини не е возможна реализација на деталните урбанистички планови во разумен рок, ќе се обезбеди контролирано и планско уредување на овие простори и, секако, рационално искористување на нивниот потенцијал.

Рок на реализација: јануари 2014

## 31. Реконструкција на отворениот амфитеатар покрај кејот на Вардар

- Амфитеатарот на десниот брег на реката Вардар ќе биде целосно реконструиран и збогатен со дополнителна урбана опрема од материјали што се поквалитетни и поотпорни на атмосферски влијанија.

Рок на реализација: 2014

## 32. Изградба на нов отворен амфитеатар во Градскиот парк

- Градскиот парк на територијата на Општина Карпош ќе биде збогатен со дополнителна урбана содржина - изградба на нов отворен амфитеатар, со што ќе се зботати неговиот капацитет за организирање дополнителни културни настани.

Рок на реализација: 2016

## 33. Асфалтирање и реконструкција на улици:

- УЗ Козле (Леринска, Братфордска, Илија Плавев , Ловќенска);
- УЗ Владо Тасевски (Алжирска, Њу Делхиска, Багдатска, Бахар Моис, Анкарска, Римска, Ристо Равановски, Рампо Лефката, Атинска);
- УЗ Тафалиџе 1 (Хелсинки, Мексичка, Ташкентска, Нобелова, Виенска, Прашка, Париска крак,Иван Милутиновиќ);
- УЗ Тафталиџе 2 (Душко Бојковски, Хашка, Урош Џудовиќ, Љубица Георгиева, Петар Драганов);
- УЗ Влае 2 (Мраморец 1 и 2 , Ботун 1 и 2, Белчишка);
- УЗ Влае 1 (Бела Краина, Езерце, Франц Меseснер, Иван Цанкар - краци, Франц Прешерн – основна и краци, Влае);
- УЗ Карпош 3 (Струма, Радика, Карпошово востание, Трифун Пановски - крак);
- УЗ Карпош 2 (Гиго Михајковски, Руѓер Бошковиќ, Даскал Камче).

## 34. Реконструкција (втор дел) на ТЦ Карпош 3 - Лептокарија со партерно и хортикултурно уредување

- Целосна реконструкција на северниот дел на партерот на ТЦ Карпош 3 со комплетно хортикултурно уредување.

Рок на реализација: март-јуни 2015

## 35. Реконструкција на платото во Порта Влае

- Комплетна замена на бетонските плочки на платото на порта Влае со претходна замена на дотраената и оштетената хидро-изолација.

## 36. Изградба на нови паркинг-места и катна гаража до Порта Влае

- Проблемот со недоволен број места за паркирање во Порта Влае ќе се реши со изградба на дополнителни паркинг-места на северната страна на комплексот Порта Влае паралелно со булеварот Партизански одреди, како и изградба на катна гаража на источната страна на комплексот.

Рок на реализација: 2014-2015

## 37. Зголемување на капацитетот на паркинзите во Карпош

- Преку надградба на постојните паркинг простори со монтажни платформи ќе се зголеми капацитетот на паркиралиштата.

Рок на реализација: 2014-2017

## 38. Проект-санација и осветлување на подземните гаражи во колективните станбени згради

- Постојните подземни гаражи, кои во добар дел се нефункционални заради нивната запуштеност и руинираност, со проектот за нивна санација и осветлување повторно ќе се вратат во функција.

Рок на реализација: 2014-2017

**39. Промена на старите водоводни азбестно-цементни цевки во соработка со ЈП Водовод и канализација**

- Ќе се поттикнува и активно ќе се учествува во замена на преостанатите азбестно-цементни водоводни цевки со нови еколошки.

Рок на реализација: 2013-2017

**40. Светол Карпош во целост - модернизирање на постоечкото улично осветлување со систем за заштеда на енергија**

- Систематска замена - модернизација на постоечкото улично осветлување со ново штедливо осветлување во согласност со најновите европски стандарди за штедливо осветлување.

Рок на реализација: 2013-2017

**41. Отворање нова автобуска линија за поврзување на високата јужна зона (Жданец, Трнодол, делови од Козле, Средно Нерези) со бул. Партизански одреди и бул. Илинден.**

- Партиципација во создавање на сообраќајно-технички услови за отворање нова автобуска линија за поврзување на високата јужна зона со булеварите Партизански Одреди и Илинден.

Рок на реализација: 2013

**42. Реконструкција на детските игралишта во Влае 1, Карпош 3 (кај Алуминка) и Карпош 4 на ул. Вич**

- Реконструкција на детските игралиште со реквизити со материјали што се еколошки нештетни по здравјето на децата и се безбедни за користење.

Рок на реализација: октомври 2013

**43. Изградба на фекална канализација**

- Континуирана систематска реконструкција т.е. зголемување на капацитетот на застарените канализациски системи во зоните со потенцијално нови градби, како и докомплетирање на постојните канализациски системи во населените места.

Рок на реализација: 2013-2017

**44. Изградба на атмосферска канализација**

- Во сите урбани подрачја на кои нема изведено, или е со недоволен капацитет, или пак треба одвојување на атмосферската канализација од фекалната, ќе се изгради нова, односно ќе се изврши реконструкција на постојната.

Рок на реализација: 2013-2017

**45. Стимулирање и поддршка за изградба на „зелени покриви“**

- Како поддршка на зголемувањето на вкупното зеленило во Општината , ќе се обезбеди соодветна стимулација за изградба на зелени површини на рамните покриви и тераси на новите објекти.

Рок на реализација: 2013-2017

**46. Поддршка на домаќинствата за селекција на отпадот**

- Заради подобро управување со отпадот ќе се обезбедат стимулации за домаќинствата за селекција на домашниот отпад. Стимулацијата ќе се однесува на обезбедување средства и други материјални погодности.

Рок на реализација: 2013-2017

**47. Проверка на асеизмичката издржливост на објектите во соработка со Институтот за земјотресно инженерство**

- Ќе се изврши целосна инвентаризација на сите колективни станбени објекти со податоци за нивната асеизмичка издржливост со што ќе се обезбедат егзактни показатели кои потенцијалните инвеститори на евентуалните доградби и надградби, заради поголема безбедност, задолжително ќе мораат да ги имаат предвид при изготвувањето на проектите.

Рок на реализација: 2013-2017

**48. Искористување на обновливи извори на енергија на општинските објекти, училишта и градинки**

- За намалување на трошоците за потрошена електрична енергија во општинските објекти, задолжително ќе бидат инсталирани системи за искористување на обновливите извори на енергија и тоа, во прв ред, на сончевата енергија.

Рок на реализација: 2014-2017

## ОБРАЗОВАНИЕ

**49. Училиштен портал за основно образование**

- Во 2007 година бевме прва општина во Скопје која го воведе електронскиот образовен портал, многу покомплексен од содржината што е наведена во Е-дневникот. Сега таа наша пионерска иницијатива ќе ја издигнеме на сосема ново ниво. Ќе создадеме нов интернет-простор во кој, освен аспектот на информирање на родителите за активностите на своите деца во училиштето, особено внимание ќе се посвети на потребите и можностите на децата. Учениците ќе имаат свој простор во кој ќе можат целосно креативно да се изразат, да искомуницираат меѓу себе, секако под надзор на наставниот кадар, да имаат електронски пристап до целиот наставен материјал и наставен план, од каде што едноставно ќе можат да ги црпат сите потребни информации.

Рок на реализација: февруари 2014

**50. Портал е-градинка**

- На ова поле, кое ги опфаќа најмалите деца, ќе воведеме и една сосема нова можност, односно нов интегриран електронски систем, кој ќе овозможи комлетно следење на активностите и престојот на децата во градинките. На родителите ќе им се даде привилегиран интернет-пристап за визуелно следење на активностите на нивните деца за време на целиот престој во градинките, во согласност со законската регулатива. Покрај ова, на увид ќе се стават и материјалите кои се обработуваат во градинките, како и кративната работа на децата.

Рок на реализација: март 2014

**51. Ајде да пливаме - базени во основните училишта**

- Со овој проект на учениците во основните училишта ќе им овозможиме поквалитетно физичко образование кое директно ќе влијае на подигањето на спортскиот дух и свеста за значењето на здравиот спортски живот.

Рок на реализација: 2014-2017

**52. Бесплатни часови за изучување странски јазици за основците од семејства во социјален ризик**

- Глобализацијата и интеграцијата во главните светски текови ја наметнаа потребата од неопходно познавање на странските јазици, а не секое семејство има можност да му го овозможи тоа за своето дете. Поради тоа, со оваа активност Општината сака на своите основци да им обезбеди можност за изучување на странски јазици.

Рок на реализација: септември 2013

**53. Воведување факултативна настава за деца од училишна возраст за изучување на јазикот на другарчињата од другите националности (албански, турски, ромски)**

Рок на реализација: септември 2013

## КУЛТУРА

### 54. Изградба на самоодржлив културно-едукативен центар

- Центарот ќе покрива широк спектар на културни и креативни содржини, од негувањето уметнички занаети, преку школи за разни уметнички и креативни вештини (наменети за целото население - од најмлада популација до пензионери), па се до експериментални и авангардни културни содржини за кои што не постои сцена во градот.

Рок на реализација: мај 2014

### 55. Заживување и афирмација на археолошкиот парк Скупи со летен филмски фестивал

- Заради афирмација на еден од најатрактивните археолошки локалитети во државата, ќе се организираат низа културни манифестации, како и филмски фестивал со филмски проекции во летните вечери.

Рок на реализација: континуирано во летните месеци

### 56. Фестивал на училишни драмски игри во Хавзипашините конаци во Бардовци

- Искористувањето на вредноста на овој комплекс со силен дух на историја и естетика инспирира за жива изведба на актерска игра. Токму во оваа насока, фестивалот на училишни драмски игри ќе им овозможи на надарените ученици – млади актери, да се изразат во овој автентичен амбиент.

Рок на реализација: мај 2013-2017

### 57. Меѓународна колонија за икони и резба во Манастирот Св. Пантелејмон

- Ќе ги продолжиме традиционалните колонии кои досега се одржуваа, но и ќе внесеме нова содржина со фокус на нашата традиција, иконите и резбата.

Рок на реализација: мај 2013-2017

### 58. Денови на ромската култура

- Заради негување на културната традиција на Ромите, која плени со својата уникатност, ведрина и дух, ќе се организираат низа манифестации.

Рок на реализација: септември, 2013-2017

### 59. Продолжување на манифестацијата Карпошово културно лето

- Продолжување на брендот, што се наметна како културен репрезент на општината, отпочнат во 2008 година.

Рок на реализација: август - септември 2013-2017

### 60. Отворање на детски едукативен, културен и рекреативен центар

- Извонредна понуда за одвикнување на децата од прекумерно користење на интернет, со нудење алтернатива за користење на слободното време, преку отворање на центар кој ќе нуди стекнување знаење, поттикнување на творењето, социјализација, забава. Почитувајќи ги различните афинитети на децата, центарот ќе нуди насочени интерактивни работилници со можност за презентирање на сработеното, наученото, стекнатото...

Рок на реализација: септември 2014

### 61. Отворање на културен центар во кој ќе творат и ќе изложуваат уметниците од општината

- Горди на нашите уметници, кои живеат и творат во општината, ќе обезбедиме простор во кој ќе можат да изложуваат и да творат.

Рок на реализација: април 2014

### 62. Основање општински хор

- Обединување на постоечките хорови во училиштата во еден општински хор, кој ќе учествува на државни и меѓународни натпревари и ќе настапува по повод патрони празници на училиштата, одбележување државни празници, значајни датуми и Денот на општината.

Рок на реализација: септември 2013

## 63. Поддршка на младински танцови и културно-уметнички друштва

- Ќе се даде поддршка на традиционалниот фолклор, но и на модерните танци.
Рок на реализација: континуирано

# СОЦИЈАЛНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА, БЕЗБЕДНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

## 64. Изградба на дом за нега на стари лица во Злокуќани

- За домот за нега на стари лица, како најпогодна, е избрана локацијата во населбата Злокуќани што е во непосредна близина на парковско зеленило и реката Вардар. Со тоа, во непосредно опкружување ќе се создаде амбиент што ќе овозможи квалитетен престој на лицата што се станари во домот.

Градежната парцела ќе биде околу 2.500 м2, на која ќе се изгради објектот со вкупна површина од околу 2.000 м2. Градбата ќе биде по светски стандарди, со користење на современи енергетски ефикасни материјали и, секако, со обновливи извори на енергија, по принципот на пасивна куќа. Цел ни е да изградиме објект што енергетски ќе биде независен и ќе може сам енергетски да се одржува, со што значително ќе се влијае за намалувањето на цените на трошоците за престој .

Во рамките на објектот ќе функцира и медицинска ординација за нега на станарите на домот.

Предвидени се содржини за рекреација, забава и социјализација.

Изградбата ќе биде по принципот на јавно приватно партнерство. За лицата од Општината Карпош ќе бидат обезбедени бенефиции.

Рок за реализација: 2014-2016

## 65. Изградба на нова градинка во Злокуќани

- Ќе се гради градинка на слободна локација на која се надоврзува планирана зелена парковска површина и реката Вардар, чиј кеј од таа страна е претходно најавен, а кој допрва ќе го добие вистинскиот лик.
Вкупната површина на градинката се предвидува да биде околу 1.000 м2. Градбата ќе биде енергетски ефикасна, изградена по светски стандарди, при што ќе се оформи квалитетен простор за престој на дечињата.

Рок на реализација: март - октомври 2014

## 66. Реконструкција и надградба на градинката Мајски цвет во Тафталиџе 1

- Подобрувањето на условите во училиштата и градинките беше и останува приоритет во политиката на СДСМ.
Овој проект се однесува на клонот на градинката Мајски цвет во населбата Тафталиџе 1. Се работи за многу стар објект кој неопходно мора да се реконструира и капацитетот да се зголеми. За таа цел, ќе се изврши реконструкција на целата градинка и надградба на дел од неа, како и изградба на сала за физичко воспитување на децата. Планираното зголемување на површината и капацитетот е за 40%.

Рок на реализација: март-октомври 2014

## 67. Бесплатни часови по коњички спортови заради терапевтски причини за лица со посебни потреби

- Општината нуди можност за користење на паркот за рекреативни коњички спортови за лицата со посебни потреби во терапевтски цели, кои во светски рамки се покажале како многу ефикасен модел.

Рок на реализација: континуирано од 2015

## 68. Волонтерски сервис

- Со намера да им помогне на жителите кои имаат проблем во секојдневниот живот, а кои живеат сами и се немоќни лица, општината ќе формира волонтерски сервис. Право на услуги ќе имаат возрасни лица и лица со инвалидитет без семејна грижа, како и самохрани родители со болни деца. Услугите ќе опфаќаат: закажување на лекарски преглед, превоз и придружба до лекар, набавка на основни намирници, подигање рецепти и достава на лекови, дружење и разговор, читање литература, весници, психосоцијална поддршка, правна помош.

Рок на реализација: септември 2013

## 69. Изградба на пристапни рампи за инвалидизирани лица на сите јавни објекти, како и на други објекти по барање на граѓани.

Рок на реализација: континуирано

**70. Основање фонд за помош на граѓаните во социјален ризик при специфични здравствени состојби (за итни операции, лекувања и сл.)**

- Општината во соработка со бизнис заедницата ќе формира фонд за лекување на лицата во социјален ризик што континуирано ќе се надополнува.

Рок на реализација: мај 2013

**71. Здравствена патрола! Бесплатни општи прегледи на пензионерите дома**

- За највозрасната популација ќе се организираат домашни здравствени прегледи заради контрола на општата состојба. Овие прегледи ќе се спроведуваат во континуитет по утврдена динамика во договор со корисниците на услугата.

Рок на реализација: септември 2013

**72. Општинска матична служба - сала за венчавки**

- Во рамките на новата општинска зграда планирана е сала што по естетиката ќе биде соодветна на свечениот чин на венчавање.

Рок на реализација: април 2015

**73. Простор за потребите на пензионерите во рамките на општинската зграда**

- Во состав на новата општинска зграда, пензионерските здруженија кои гравитираат на териоторијата на општината ќе можат да го користи просторот за различни активности.

Рок на реализација: април 2015

**74. Мултифункционален простор во рамките на општинската зграда за потребите на младите за организирање на разни настани, културни манифестации, дружење и сл.**

- Младите се најбитниот сегмент во живеењето на општеството, а секако и во нашата општина. Поради тоа, ќе им биде дадена можност за користење на опремен мултифункционален простор во рамките на зградата на општинската администрација, каде што ќе можат за нивните потреби да организираат разни настани, случувања, изложби...

Рок на реализација: април 2015

**75. Безбеден влез - безбедна општина (поставување на алармен систем за дојава во случај на пожари или друга опасност во влезовите на зградите)**

Рок на реализација: октомври 2014

**76. Проект - безбедни јавни простори преку 24 часовен видео надзор и мониторинг**

- Заради безбедноста на граѓаните, ќе се овозможи постојан мониторинг на јавните простори што ќе може да се следи он-лајн во реално време на интернет -страната на општина Карпош.

Рок на реализација: октомври 2014

**77. Проект - мобилни патроли за безбедност на најмладите во училиштата**

- Во термините кога има најголема фреквенција во и околу училишните објекти, ќе се организира редовно патролирање од страна на овластени лица , поради безбедност на децата и намалување на можните ризици.

Рок на реализација: септември 2013

**78. Рекреативен центар за возрасни лица**

- Планиран е комплексен простор дислоциран од урбаното јадро и поврзан со зеленило, кој ќе им овозможи на повозрасните услови за рекреација, дружење, разонода.

Рок на реализација: септември 2013

## 79. Основање локален младински совет

- Здружување на младите заради остварување на поширок општествен интерес, нивно застапување, учество и вклучување во креирањето на младинските политики, со цел подобрување на положбата на младите во општината.
Локалниот младински совет ќе влијае на обликувањето и спроведувањето на политиките за млади, насочени кон подобрување на квалитетот и условите за живот и зајакнување на нивната свест за активно и одговорно учество во општеството.

Рок на реализација: октомври 2013

## 80. Воведување на двосменско работно време во градинките

- Заради потребата од згрижување на децата во попладневните часови за родителите кои работат во смени, ќе се воведе двосменско работно време во градинките.

Рок на реализација: септември 2013

## 81. Отворање центар за дневен престој на деца со посебни потреби

- Овој центар подразбира стручен надзор од лекар, педагог, психолог и медицинско-педагошки сестри со вклучена исхрана.

Рок на реализација: март 2014

## 82. Евидентирање и одржување на подземни скривници на целата територија на општината

- Целта на ваквата активност е најнапред да се изврши инвентаризација на состојбата и капацитетите на сите подземни скривници на територијата на Општината. Врз основа на ваквите сознанија ќе се изготват проекти за нивна санација, а на дел од нив и за адаптација заради создавање можност за нивна употреба за активности на кои тој простор им е соодветен, а воедно не ја нарушуваат нивната основна намена.

Рок на реализација: континуирано од мај 2014

## 83. СОС повик - бесплатен транспортен центар за возрасни лица и лица со посебни потреби

- Планирана е нова услуга за олеснување на движењето на лицата со посебни потреби и на возрасните лица. Со телефонски повик на бесплатен телефонски број на корисниците ќе им се овозможи превоз до посакуваната дестинација во градот.

Рок на реализација: септември 2013

## 84. Финансиска поддршка за прехранбени производи за семејства во социјален ризик

- За сите семејства кои се во социјален ризик, кои и покрај социјалната помош не можат да обезбедат нормална егзистенција, ќе се предвидат наменски буџетски средства за нивна поддршка за набавка на прехранбени производи.

Рок на реализација: септември 2013

# СПОРТ

## 85. Изградба на центар за коњички спортови во градскиот парк со манеж

- Локацијата за овој парк е веќе урбанистички дефинирана во западниот дел во рамките на Градскиот парк.
Планираната површина на градежната парцела на која се предвудува оваа намена е 15.200 м2, на која ќе се реализираат содржини на отворено и во затворен простор, манеж. Површината на затворениот објект ќе биде 3.050 м2. Во рамки на отворените зелени површини се планираат и соодветни елементи од урбана опрема и елементи за уредување на детски катчиња, игралишта за забава и игра на децата.
Најзначајно од се е што активностите што ќе се реализираат во овој спортски комплекс ќе нудат можност за користење од лицата со посебни потреби во терапевтски цели, кои во светски рамки се покажале како многу ефикасен модел.
Начинот за реализација на овој значаен проект ќе биде со јавно приватно партнерство.

- Рок на реализација: 2014-2015 година.

### 86. Меѓународен професионален турнир за боречки вештини

- Под името ‘‘ Ноќ на шампионите‘‘ ќе има промоција и презентација на сите постоечки боречки вештини од клубовите кои егзизтираат на територијата на Карпош, државата и надвор од неа. Ќе биде збогатено со неколкучасовна програма со борби во кик-бокс, бокс, карате, џудо. Покрај ова, еминентни имиња од Македонија, Балканот и пошироко ќе одржат семинар за едукација за овие спортови, заради добивање поголем публицитет во спортските кругови и пошироко.

Рок на реализација: февруари 2014

### 87. Изградба на нов скејт-парк

- Реализацијата на новиот скејт-парк е планирана во спортско-рекреативната зона покрај Вардар, ќе биде изграден по нови стандарди и ќе биде предизвик за љубителите на екстремниот спорт.

Рок на реализација: март 2015

### 88. Изградба на нова трим-патека на десниот брег на реката Вардар

- Планираната локација е покрај патеката за ролерки и ќе се протега од бул. 8ми Септември до Нерези

Рок на реализација: 2015

### 89. Меѓународен турнир за екстремни спортови

- Предноста што ја нуди локацијата на кејот на десната страна на Вардар, каде во непосредна близина се наоѓаат вештачката карпа за спортско качување, како и скејт-паркот ќе биде искористена за организирање на турнир кој ќе ги обедини сите клајмбери, скејтери, ролераши, бајкери и паркури.

Рок на реализација: октомври 2013

### 90. Карпошова спортска недела

- Ќе учествуваат спортски клубови во повеќе дисциплини. Деновите ќе бидат посветени на сите спортови, Карпош ќе биде во фокусот на случувањата во државата, со реномирани гости од спортските федерации.

Рок на реализација: континуирано од април 2014

### 91. Изградба на отворени терени за одбојка на песок во рекреативната зона на Вардар

- Локацијата за овие атрактивни терени е планирана во Карпош 3 над покриениот канал на потегот помеѓу бул. Илинден и реката Вардар.

Рок на реализација: мај 2014

### 92. Поддршка на постоечки спортски клубови од сите спортски дисциплини

- Ќе продолжиме со поддршка на транспарентен начин на сите истакнати спортски клубови и здруженија кои со своите афирмативни резултати ќе дадат придонес за развој на спортот на ниво на општината.

Рок на реализација: континуирано

### 93. Систематска селекција и поддршка во развојот на млади талентирани спортисти од сите дисциплини, со цел усовршување и постигнување на врвни резултати

- Со овој проект ќе се продолжи континуираната поддршка на сите млади талентирани спортисти од основните училишта, заради нивно учество на меѓународни натпревари, турнири и манифестации.

Рок на реализација: континуирано

### 94. Изградба на маалски спортски катчиња

- Заради поттикнување на спортскиот дух на младите, во секоја населба ќе се реализира спортско катче, кое освен рекреативен ќе има и социјален карактер.

Рок на реализација: 2013-2017

## РАЗВОЈ

### 95. Гасификација на Карпош

- Ова ќе биде еден од приоритетните капитални проекти со кој ќе се понуди можност граѓаните да добијат многу поевтин и еколошки прифатлив енергенс. На овој начин ќе се овозможи зголемена конкурентност на претпријатијата и ќе се намалат трошоците на работење. Заради стимулирање на што поголемо приклучување кон овој гасоводен систем на домаќинствата и стопанските субјекти, ќе им се понудат финансиски бенефиции.

### 96. Стимулирање на ЈПП (јавно приватно партнерство) во сите области

- За сите проекти во сите области кои можат да претставуваат и интерес за инвестирање на приватни субјекти, ќе се дава максимална поддршка за воспоставување на јавно приватно партнерство заради обезбедување на финансиски средства за реализација на одредени јавни потреби на граѓаните.

Рок на реализација: континуирано

### 97. Изградба на комунална инфраструктура за создавање услови за развој на стопанска зона Бардовци

- Заради целосна функционалност и операбилност на стопанската зона Бардовци, ќе се изгради целосна комунална инфраструктура. За таа цел, уште во фаза на постапка за склучување на јавно приватно партнерство ќе се побараат заинтересирани домашни или странски субјекти.

### 98. Изградба на технолошки парк – почетна поддршка за младите претприемачи во соработка со инженерската комора при УКИМ

- Во соработка со Инженерската комора, општината ќе го поддржи проектот за изградба на технолошки парк. Со тоа ќе им овозможи на младите претприемачи да започнат свој бизнис. За таа цел ќе им обезбеди простор, техничка опрема, логистичка и експертска поддршка во секој поглед, особено за изработка на бизнис-планови, информирање и помош при аплицирање за разни фондови, секретарски и административни услуги. Целата оваа почетна поддршка ќе биде бесплатна за младите корисници во текот на првите три години.

Рок на реализација: 2015

### 99. Изградба на нова улица што ќе ја поврзува новата населба Бардовци со магистралниот пат што води кон Косово

- Со реализацијата на оваа сообраќајница значително ќе се подобри пристапот на оваа населба до магистралниот пат што води кон Косово кој досега мораше да се одвива по многу подолга обиколна релација низ населено место. На овој начин, ќе се растовари сообраќајот од тој дел и значително ќе се подобри достапноста до индустриската зона Визбегово по многу пократок пат.

Рок на реализација: 2015

### 100. Поддршка на здруженија на граѓани - НВО СЕКТОР

- Здруженијата на граѓани кои ги претставуваат различните интересни групи на граѓани, секое со свои интереси и потреби, ќе бидат посебно важен сегмент во креирањето решенија за разрешување на нивните барања. Оттука, соработката со нив и континуираната поддршка на нивните програми ќе претставува придонес кон развивање на нивните капацитети за партнерски однос во остварувањето на интересите на граѓаните, не само низ формалните канали.

Рок на реализација: континуирано

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

Време е!

# ИДНИНАТА СЕГА!

# ВРЕМЕ Е!

КАКОВ БЕЛЕГ ЌЕ ОСТАВИМЕ?
ФЕР ИЗБОРИ 2013

СОЈУЗ ЗА
ИДНИНАТА